**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-231/11**

**Скопје, 05.07.2007 година**

## ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Скопје ( во понатамошниот текст Јавно претпријатие) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 12 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Скопје за 2003 година. За годината 2005 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Сашо Ангелов - директор од 01.12.2003 до 29.08.2006 годинам,
   - Влатко Сајкоски - директор од 28.10.2006 година,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 05.03.2007 до 23.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на Јавното претпријатие добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 1304-231/9 од 08.06.2007 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати освен забелешката на точката 10.3.3. која делумно е прифатена и забелешката на точката 10.1.2. во која се врши промена на бројот на извршените контроли на квалитетот на водата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Извршена е оценка на системот на интерни контроли на сеопфатноста на книжењата (искажани во трговските книги), при што е констатиран ризик дека не е извршено усогласување на одредени аналитички со синтетички сметки и затварање на трговските книги со извествувачкиот датум, односно со 31.12.2005 година, што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и МСС. Непревземањето на активностите за усогласување на сметки/состојби и навремено затварање на трговските книги (извршено на ден 08.03.2007 година со налог за книжење број 5/3, на кој е прикажан ден 31.12.2005 година) предизвикува неусогласеност на податоците во трговските книги со состојбите искажани во финансиските извештаи, односно намалување на квалитетот на финансиските извештаи, веродостојноста и релевантноста на податоците кои ги даваат истите.

11.1.2. Извршена е оценка на системот на интерни контроли за утврдување на квалитетот на водата за пиење при што е констатирано постоење на ризик од ненавремени и недоволни контролни постапки за утврдување на квалитетот на водата за пиење, што е спротивно на одредбите на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Правилникот за безбедност на водата за пиење и Договорот склучен со ЈЗО за здравствена заштита Скопје. Непочитувањето на наведените законски и подзаконски прописи, предизвикува наместо задолжителните 4 контроли на квалитетот на водта во текот на годината да се извршат само 3 кое создава ризик за можниост од испорака на вода за пиење до корисниците со несоодветен квалитет.

11.1.3. Јавното претпријатие не воспоставило систем на интерни контроли и не пропишало процедури, овластувања и распределба на должностите, заради што е идентификуван ризик од непочитување на принципот на навременост на искажување на настанати во трговските

книги, што е спротивно на Законот за трговските друштва и Меѓународните сметководствени стандарди. Поради концентрирање на повеќе должности/одговорности кај едно лице без соодветна контрола врз неговото работење, се врши неблаговремено евидентирање на промените во трговските книги односно напуштање на пресметковниот принцип на искажување и практикување на прием на фактурата, нејзино не евидентирање/чување додека да се плати со што се врши намалување на квалитетот на финансиските извештаи и намалување на веродостојноста и релевантноста на информациите што ги даваат истите.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да пристапи кон пропишување на соодветни интерни контроли кои ќе обезбедат сеопфатност и навременост на книжењата и соодветно признавање на настаните во трговските книги односно доследно почитување на сметководственото начело на „пресметковна основа“.

2. Менаџментот на претпријатието и надлежните органи да превземат мерки за пропишување на контролни постапки и нивно почитување во насока на обезбедување на редовно контролирање на квалитетот на водата за пиење и обезбедување на висок квалитет на истата.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. На делницата од магистралниот вод Кичево-Прилеп разделна градба Другово прекидна комора Барбара од страна на општините Пласница, Вранештица и Другово без одобрение од надлежните органи во текот на 1998, 2001 година и 1981 година извршено е приклучување на водоснабдителниот систем на повеќе населени места од наведените општини пред се на (Пласница, Лисични и Преглово за општината Пласница и Вранештица, Челопеци и Миокази за општината Вранештица и Србјане за општината Другово) без притоа да обезбедат исполнување на условите и начинот на приклучување на водоснабдителниот систем. Наведените населени места не располагаат со инсталирани мерни инструменти/водомери со кои ќе се мери потрошувачката на водата за пиење, не се склучени договори со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски а воедно не дозволуваат можност за контролирање/регулирање на дотурот на водата за пиење до истите, што е спротивно на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Непочитувањето на одредбите на наведениот Закон предизвикува неможност од контролирање/регулирање на дотурот на водата за пиење во наведените населени места а во услови на рестрикција поради недостиг на водата постои нерамномерно распоредување и ненаменско користење на водата за пиење од наведените населени места, неподмирување на потрошената вода започнувајќи од денот на приклучување па до денот на ревизијата односно извршена е потрошувачка во износ од 9.825.000 метри кубни вода односно нанесена е матријална штета на јавното претпријатие во износ од 16.703 илјади денари. Ваквата состојба предизвикува појава на привелигирани граѓани во Република Македонија што е спротивно на член 9 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите. Заради надминување на наведената состојба јавното претрпријатие до наведените општини доставило писма/барања и тоа на ден 24.11.2005 година, 15.02.2006

година и на 28.03.2007 година но до денот на вршењето на ревизијата не се добиени одговори по истите.

11.2.2. Јавното претпријатие на ревизијата и презентираше Решение за распоредување на работно место и утврдување плата на директор број 0402-1542 од 08.12.2003 година, при што на име месечна плата за периодот јануари – август 2006 година на директорот без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија извршена е исплата во нето износ од 276 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на платата на директорот на јавното претпријатие, што е спротивно на член 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, предизвикува несоодветна исплата на плата која не е утврдена од надлежно тело при Владата на Република Македонија. Во моментот на вршењето на ревизијата стапени се во сила измените и дополнувањата на Законот за јавни претпријатија, со кои наведената област е дадена на одлучување на управниот одбор, правниот субјект постапил по наведените измени и дополнувања на законот за што ревизијата не дава препораки.

**Препораки и мерки:**

1. Менаџментот и Надлежните органи на јавното претпријатие да продолжат со превземените мерки и активности кон воспоставување на контрола на системот за водоснабдување, обезбедат заштита од неовластено користење на истиот, склучување на договори со корисниците, инсталирање на мерни инструменти за испорачана вода за општините Пласница, Вранештица и Другово, наплата на испорачаната вода за пиење и обезбедување на еднаквост на правата и обврските на граѓаните во Република Македонија.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики/начела за начинот на искажување на застарените, тужените, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата од 1999 година до 2005 година, во трговските книги, што е спротивно на Законот за облигационите односи, МСС 18 - Приходи и на Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, според која средство се признава во билансот на состојба кога е веројатно дека идни економски користи ќе претставуваат прилив за претпријатието и кога средството има трошок или вредност која може веројатно да се измери. Непревземањето на потребните активности, предизвикува нереални и необјективни финансиски извештаи заради искажување на помали износи на сметките: вредносно усогласување на краткорочните побарувања, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и добивката за финансиската година за износ од 140.060 илјади денари.

11.3.2. Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во Одлуката за основање на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица и Злетовоца“ број 22-3551/1 од 26.10.1990 година, определило 10.000 илјади денари, како средства за основање и почеток на работата на

претпријатието кои ги обезбедува Републиката, и истите се запишани како средства на основачот во регистарската влошка 1-8105-0-0 срег.бр.5771/90 од 31.01.1991 година во Окружниот стопански суд Скопје. На ден 12.06.2001 година Владата на Република Македонија, донела Одлука број 23-3213/1, за давање согласност на Одлуката за делење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица и Злетовица“ ЦО Скопје, донесена од Управниот одбор на ден 09.05.2001 година, и во истата основачот определил да „капиталот и средствата од постојното ЈП за водоснабдување „Студенчица и Злетовица“ ЦО Скопје останува во сопственост на ЈП „Студенчица “ ЦО Скопје односно „капиталот и средствата на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ ЦО Скопје се утврдуваат на вредност од 486.598 илјади денари, искажани во билансот на состојба, заклучно со 31.12. 200_ година“ (без дефинирање на известувачки датум односно година), при што не е запишан капитал како средства на основачот во регистарската влошка број 02041922-7-09-000 трег.бр.2706/2001 од 23.07.2001 година во Основен суд Скопје 1. Не превземањето на активности за запишување на основачкиот капитал кај надлежниот регистар е спротивно на одредбите на Законот за трговските друштва и влијае на остварување на правата на основачот во наредниот период.

11.3.3. Јавното претпријатие не пропишало сметководствени политики/начела за начинот на признавање на средствата добиени по пат на донација, поради што примената опрема/донација во текот на 2005 година е евидентирана во вкупен износ од 12.498 илјади денари како материјални средства во подготовка и приходи по основ на реклама, пропаганда, донации и спонзорства, за истиот износ, за да во текот на 2006 година се врши прекнижување на име постројки и опрема во износ од 12.498 илјада денари и покрај фактот што постои опрема која не е вградена во системот и се искажува расход за амортизација во износ од 12.498 илјади денари. Отсуството на наведените политики за начин на признавање на приходите/расходите и нивното спротивставување во периодот во кој настанале е спротивно на одредбите на Законот за трговски друштва, и меѓународните сметководствени стандарди и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и на веродостојноста и релевантноста на информациите кои тие ги даваат.

11.3.4. Јавното претпријатие нема пропишани политики за признавање и мерење на приходите по каматни листи за ненаплатени побарувања од купувачите во земјата, и приходите од наплатени отпишани побарувања, што е спротивно на Законот на облигационите односи, Законот за трговски друштва и МСС 18 – Приходи. Непочитувањето на наведените законски акти придонесува за неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на сметките побарувања од купувачите по каматни листи, приходи по основ на камати, курсни разлики и слични приходи од работењето со неповрзани субјекти и приходи за наплатени, претходно отпишани побарувања.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да превземе активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики/начела за начинот на искажување на застарените, тужените, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата во трговските книги.

2. Надлежните органи да превземат соодветни активности и да го определат основачкиот влог на јавното претпријатие по што да се изврши соодветно искажување на истото во трговските книги.

3. Надлежните органи да превземат активности за пропишување и имплементирање на сметководствени политики/начела за начинот на признавање на средствата добиени по пат на донација и признавање и мерење на приходите на име камати.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. При увидот во начинот на евиденцијата на постојаните средства и ситниот инвентар во употреба во трговските книги, ревизијата ги утврди следните неправилности и тоа:

- јавното претпријатие во трговските книги не извршило сметководствена евиденција на утврдените состојби по пописот од 31.12.2006 година, презентирани во Извештајот на Комисијата за попис на постојани средства, ситен инвентар во употреба и туѓи средства број 05-109/1 од 26.01.2007 година, целосно усвоен од Управниот одбор со Одлука број 02-248/1-3 од 26.02.2007. Не извршеното усогласување на сметководствената состојба со стварната состојба по пописот од ден 31.12.2006 година, го оневозможува потврдувањето на објективноста и реалноста на искажаните позиции во Билансот на состојба во делот на нето вредност на постојаните средства во вкупен износ од 317.623 илјади денари и искажаниот износ на финасискиот резултат-добивка, заради неможноста од потврдување на точноста на искажаниот расход за амортизација за 2006 година во износ од 27.751 илјади денари, како и на искажаниот износ ситен инвентар во употреба и автогуми, со сегашна вредност од 144 илјади денари,
- на сметката земјишта и шуми е искажан износ од 339 илјади денари, евидентирани врз основа на извршена експропријација за кои пописната комисија не превземала активности за вршење на попис на земјиштето и негово вредносно усогласување со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на цената на земјиштето (Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижностите), што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на соодветни активности и мерки за вршење целосен попис предизвикува неможност од усогласување и потврдување на книговодствената со фактичката состојба на материјалните средства, можност за нереално прикажување на истите и оневозможување за утврдените разлики да се произнесе надлежниот орган.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да изврши сметководствена евиденција на констатираните состојби по пописот на постојаните средства и ситниот инвентар во употреба во трговските книги, со цел да се обезбеди постоење на реални и објективни финансиски извештаи.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. По барање на јавното претпријатие, Министерството за финансии на Република Македонија доставува Известување број 17-17197/2 од 31.05.2006 година со кое го известува претпријатието дека во финансискиот план на јавното претпријатие за тековната фискална година се обезбедени финансиски средства за вработување на 2 лица. Врз основа на ова известување Јавното претпријатие распишува јавен оглас за пополнување на две работни места на неопределено време заведен под број 04 – 798/1 од 05.06.2006 година. Изборот и приемот на лицата е извршен на 03.07.2006 година што претставува период на изборна кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија што е спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата. Ревизијата не обезбеди разумни уверувања дека наведената активност била неминовна и неопходна и истата да се изврши во погоре наведениот период, кое создава можност за појави кои се спротивни на Законот за спречување на корупцијата.

11.5.2. Јавното претпријатие извршило ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во претпријатието, за периодот јануари – декември 2006 година за што се искажани трошоци на име надомест на трошоците на вработените и персонален данок во вкупен износ од 113 илјади денари, што е спротивно на член 22 од Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица спротивно на законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос, односно право на пензиско и инвалидско осигурување, и на здравствено осигурување.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да обезбеди активности кои ќе овозможат доследно почитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.

2. Претпријатието да превземе мерки за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните места, да ја утврди потребата од дополнителна работна сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно постојните законски одредби.

11.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2 11.3; 11.4 и 11.5. предизвикуваат Јавното претпријатие да: го остварува своето работење без целосно воспоставен систем на интерни контроли за процесите на сеопфатност на книжењата искажани во трговските книги, интерни контроли за законски пропишани контроли на квалитетот на водата за пиење, и интерни контроли кои ќе обезбедат почитување на принципот на навременост на искажување на настанати во трговските книги, снабдувањето со вода за пиење, на општините Пласница, Вранештица и населенето место Србјане од општина Друговo без постоење на мерни иструменти за испорачаната вода, и без склучени договори, исплатена плата на директорот за периодот јануари –

август 2006 година, без соодветен писмен акт донесен од Владата, не пропишани политики/начела за: искажување на застарените, тужените, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата, признавање на средствата добиени по пат на донација и соодветно спротивставување на приходите/расходите, признавање и мерење на приходите на име приходи од камати по каматни листи и приходи од отпишани наплатени побарувања; не извршена сметководствена евиденција на утврдените состојби на постојаните средства, ситниот инвентар во употреба и на автогумите, по пописот од 31.12.2006 година, неизвршениот попис и неизвршено вредносно усогласување на земјиштето со пазарната вредност на ден 31.12. 2006 година, вработување на две лица во периодот на изборна кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, и ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во претпријатието без на истите да се овозможи остварување на правата од работен однос.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавното претпријатие за восонабдување Студенчица под 31 Декември 2006 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.2. и 11.5. кај Јавното претпријатие за восонабдување Студенчица е остварено законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведените состојби:

14.1. Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 26.02.2007 година, донел одлука број 02-248/5-1 од 26.02.2007 година за одобрување дисконт на тековните и идните обврски и на долгот од минатите години, за побарувања од купувачите од земјата, искажани во вкупен износ од 153.620 илјади денари, за испорачана вода од јавните комунални претпријатија (ЈКП), без камата и тоа: вкупен износ од 106.241 илјади денари од Прилеп од Комуналец ЦО-60.894 илади денари и од Водовод и канализација-45.347 илјади денари; од Комуналец ЦО Кичево износ од 41.255 илјади денари; Водовод и Канализација ЦО Македонски Брод износ од 3.400 илјади денари; Хигиена ЦО Осломеј износ од 1.494 илјади денари; Долнени ЦО Долнени износ од 973 илјади денари; и Комуна ЦО Крушево износ од 256 илјади денари. Во одлуката се одобруваат процентуални дисконти на побарувањата/обврските и тоа за:

- тековните и идни сукцесивни обврски на ЈКП корисници, без камата, за период од 01.01.2007 година до 31.12.2011 година, се одобрува дисконт на вредност на месечните фактури во процент, како што следи: за деловната 2007 година, 50%; за 2008 година, 40%; за 2009 година, 30%; за 2010 година, 20%; и за 2011 година, 10%, под услов ЈКП, најдоцна до 31.01. секоја година целосно да ги исполнуваат обврските за претходната година, и идните обврски да ги плаќаат истовремено со месечната рата за долгот од претходните години, најдоцна до крајот на месецот за претходниот месец, а делот од долгот од минатите години, да се врши за редоследно најстарите побарувања на јавното претпријатие,
- обврските од минати години, заклучно со 31.12.2006 година, односно главен долг, без камата, ќе се исполнува и тоа: 50% од

долгот, ќе се плаќа на 120 еднакви месечни рати (десет години) со тековните фактури, и остатокот на долгот во износ од 50%, ќе се отпишува сукцесивно со истекот на деловната година во висина на процентот на отплата на долгот – наплатен дел од 50% од долгот поделен на 120 еднакви месечни рати. За плаќањата, до 31.12, јавното претпријатие и ЈКП имаат обврска книговодствено да се сравнуваат заради утврдување на процентот на отпис на дел од долгот од минати години.

За спроведување на Одлуката е предвидено склучување на поединечна спогодба со ЈКП, најдоцна 10 дена по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија. Барањето на согласност број 03-333/1 од 13.03.2007 година е примено во Владата на ден 14.03.2007 година, но до денот на вршењето на ревизијата согласноста не е добиена.

14.2. Според техничките карактеристики, регионалниот водовод Студенчица, е многу сложен и единствен во земјата и пошироко, што бара големо познавање и ангажирање на средства за негово одржување, во потребната техничка кондиција, особено кога истиот е на крајот на својот амортизациониот период (2010 година) и обезбедување на алтернативни извори кои би се ставиле во функција во сушните периоди. Освен наведеното постојат одредени неусогласености помеѓу јавното претпријатие и јавните комунални претпријатија кои влијаат негативно на работењето на претпријатието, и тоа: високите износи на заостанати обврски на јавните комунални претпријатија кон јавното претпријатие, малиот процент на наплатени побарувања кај јавните комунални претпријатија од државни претпријатија и институции и несолвентни должници, недостиг на финансиски средства за санирање на старите градски водоводни мрежи, постоење големи губитоци на вода во градските мрежи и друго. Заради погоре наведеното, значењето на јавното претпријатие за регионот, и важноста на водата како природен ресурс, Владата на Република Македонија, ресорните министерства и надлежните институции треба да превземат соодветни мерки и активности во насока на обезбедување негово понатамошно континуирано работење, при вршењето на дејноста од јавен интерес, а јавното претпријатие да изврши изработка на студија со цел утврдување на можноста од постоење на алтернативни извори и воедно во соработка со јавните комунални претпријатија да превземе активности за намалување на губитоците на вода во водоводната мрежа.

14.3. Советот на Општина Крушево донел Заклучок број 07-1009/5 од 20.12.2005 година, за давање согласност на одлуките донесени од Управниот одбор на ЈП „Комуна“-Крушево и тоа:

- Одлука, број 03-78/2 од 20.12.2005 година, за отстапување на основни средства без надомест од ЈП „Комуна“ Крушево на ЈП „Студенчица“ Скопје -пумпната станица во с.Норово и цевоводот до резервоар и пумпна станица Крушево, како и стопанисувањето и одржувањето на техничката исправност на истите, и
- Одлука, број 03-78/1 од 20.12.2005 година, за превземање на шест работници од страна на ЈП „Студенчица“ Скопје, по превземањето на пумпната станица во с. Норово.

ЈП „Комуна“ Крушево потпишало договор за отстапување/превземање на основни средства на ден 22.12.2005 година, и истиот со допис број 03-80 од 22.12.2005 го доставило до ЈП „Студенчица“ Скопје за потпишување. Управниот одбор на ЈП „Студенчица“ Скопје на ден 30.01.2006 година, донел заклучок број 02-99/1, во кој еднострано потпишаниот договор и еднострано наложените обврски на ЈП „Студенчица“ Скопје не ги прифати, заради: веќе склучениот договор број 03-499 од 20.12.1995 година за

отстапување/превемање на основни средства, од ЈП „Комуна“ Крушево, и потребата од преиспитување/ревидирање на односите со останатите јавни комунални претпријатија, кон кои водоснабдувањето е по гравитационен пат а ќе се наметне тоа да се чини и со пумпање, што ќе ја зголеми цената на водата од постојните 1,7 денар/м3 на 46,18 денари/м3. Заради сето наведено ќе се зголемат вкупните трошоци на работење на јавното претпријатие, со искажување на негативен финансиски резулатат-загуба, и неможност за одржување на системот во соодветна техничка кондиција. До Владата на Република Македонија е доставена Информацијата број 03-206 од 13.02.2006 година, (примена во Владата на ден 15.02.2006 година), и откако истата ќе се произнесе, управниот одбор ќе донесе конечна одлука по барањето на ЈП „Комуна“ Крушево. До денот на вршењето на ревизијата Владата не се произнела по истата.

14.4. Јавното претпријатие започнало судски постапки, кои до денот на ревизијата не завршиле, но заради можните влијанија од истите врз јавното претпријатие ги истануваме како следуваат:

- започната е постапка за утврдување на ништовност на договорот склучен на ден 10.07.1992 година помеѓу јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица и Злетовица“ Скопје и месната заедница Добреноец број 05-191 од 10.07.1992 година, заради реализација на точка 2 од Одлуката за определување на највисоко ниво на цените на водата од регионалниот вододовод “Студенчица“ донесена од Владата на Република Македонија број 23-1816/1 од 06.1992 година. Според точка 2 од Одлуката, во цената на водата се влезени средства од 15% кои јавното претпријатие ќе ги употреби за одржување и унапредување на изворот. Но во договорот од 10.07.1992 година, не е испочитувана точката 2 од Одлуката, а јавното претпријатие се обврзува да издвојува 15% од остварениот приход по основ на наплата на испорачана вода на корисниците на регианалниот водовод „Студенчица“ во полза на месната заедница. Во периодот од август 1993 година, до 31.12.2003 година од ова јавно претпријатие се исплатени средства во износ од 34.691 илјади денари. Извршена е ревизија, од Сектор за централна внатрешна ревизија при Министерството за финансии и е утврдено незаконско и ненаменско користење на средствата како и низа неправилности. Со писмо број 23-4169/1 од 28.03.2005 година, Владата на Република Македонија година наложува јавното претпријатие да престане со трансферирање на средства во корист на месната заедница Добреноец. Освен погоре наведената судската постапката, во тек е и постапката иницирана од страна на месната заедница за исплата на износ од 8.201 илјади денари.

14.5. Владата на Република Македонија дала согласност број 23-3213/1 од 12.06.2001 година, на Одлуката број 0201-267 од 14.05.2001 година, донесена од управниот одбор, за делење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица и Злетовица“ ЦО Скопје, на две претпријатија, и тоа на ЈП „Студенчица“ Скопје и ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип. Одлуката за делење ...., е и акт за основање на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, со која истото превзема обврска да исплати парични средства во износ од 1.305 илјади денари со сотојба заклучно со 31.01.2001 година, на Јавното претпријатие „Студенчица“ ЦО Скопје, во рок од три месеци од неговото конституирање. Заради неисполнетата обврска започнат е судски спор, и на ден 19.04.2005

година донесена е пресуда, Пст.бр.239/04 во корист на ЈП „Студенчица“ Скопје. Додека започнатиот судски спор, бил во тек, ЈП „Студенчица“ Скопје со писмо, број 03-159 од 10.02.2005 година, бара од Владата на Република, да се произнесе за едно од двете можни решенија, наплата или отпис на побарувањето, за што на педесет и втората седница одржана на ден 09.09.2005 година, Владата донела заклучок, (доставен со писмо број 19-618/1 од 13.09.2005 година), ЈП „Студенчица“ Скопје да изврши отпис на побарувањето кон ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, по кое во 2005 година е постапено. На донесената пресуда во корист на ЈП „Студенчица“ Скопје, ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, поднел жалба, и на ден 24.01.2007 година Апелациониот суд во Штип, донел пресуда СССЖ.бр.362/2006 година, (заведена кај јавното претпријатие под број 03-157/1 од 06.02.2007 година) и жалбата ја одбива како неоснована. Наложувајќи отпис на побарувањето, односно на обврската, превземена со самиот акт за основање на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, Владата на Република Македонија овозможува нерамноправна и нееднаква положба на претпријатијата кои таа ги основала, директно влијаејќи врз нивниот финансиски резултат.

15. Јавното претпријатие превземало соодветни мерки за утврдените состојби по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршента ревизија на финансиските извештаи за 2003 година, освен за утврдената состојба во точките 10.1, 10.2, 10.10, 10.14 и 10.17.

**Скопје, 04.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 46,814 | 46,374 |
| Останати деловни приходи | 622 | 17,405 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **47,436** | **63,779** |
| Материјални трошоци | 3,258 | 4,046 |
| Трошоци за бруто плати | 13,722 | 12,163 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 27,751 | 25,858 |
| Вредносно усогласување на долгорочните и краткорочните финансиски вложувања | - | 1,098 |
| Останати оперативни трошоци | 5,805 | 4,986 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **50,536** | **48,151** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3,277 | 1,535 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 1 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **176** | **17,163** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **176** | **17,163** |
| **Данок од добивка** | **-** | **64** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **176** | **17,099** |

**ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 1,328 | 8,286 |
| Побарувања по основ на продажба | 183,906 | 147,618 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 114 | 114 |
| Други краткорочни побарувања | 586 | 1,481 |
| Платени трошоци за идните периоди | 46 | 37 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 2 | 2 |
| Залихи | 144 | 186 |
| **Вкупно тековни средства** | **186,126** | **157,724** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 317,623 | 342,067 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 8,033 | 10,033 |
| **Вкупно нетековни средства** | **325,656** | **352,100** |
| **Вкупна актива** | **511,782** | **509,824** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 519 | 596 |
| Останати краткорочни обврски | 2,001 | 142 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2,520** | **738** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 442,183 | 442,183 |
| Ревалоризациона резерва | 45,139 | 45,139 |
| Резерви | 4,825 | 2,260 |
| Акумулирана добивка | 16,939 | 2,405 |
| Добивка за финансиската година | 176 | 17,099 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **509,262** | **509,086** |
| **Вкупна пасива** | **511,782** | **509,824** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | |

**ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ**

**П Р Е Г Л Е Д Н А**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Ревалоризациона резерва | Законски резерви | Акумулирана добивка | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **442,183** | **45,139** | **2,260** | **2,405** | **17,099** | **509,086** |
| Распределба на добивката за 2005 година во акумулирана добивка | | | 160 | 16,939 | (17,099) | **-** |
| Добивка за финансиска 2006 година | | | | | 176 | **176** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | 2,405 | (2,405) | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **442,183** | **45,139** | **4,825** | **16,939** | **176** | **509,262** |

**ЈП за водоснабдување „СТУДЕНЧИЦА“ СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. 2006/2005 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **176** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 27,751 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | (70) |
| Расходи од отпис | 204 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 2,204 |
| **Готовински текови од работење** | **30,265** |
| Побарувања по основ на продажба | (36,218) |
| Други краткорочни побарувања | 895 |
| Платени трошоци за идните периоди | (9) |
| Залихи | (162) |
| Обврски спрема добавувачи | (77) |
| Останати краткорочни обврски | 1,859 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(3,447)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 2,000 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5,511) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(3,511)** |
| **НЕТО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(6,958)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **8,286** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **1,328** |